Јасмина Мојсиева-Гушева[1*]
(Институт за македонску књижевност, Универзитет „Св. Ћирило и Методије”, Скопље) ORCID 0000-0002-3513-0708

# ПОСТХУМАНИСТИЧКА ЕТИКА (АНАЛИЗА БАЗИРАНА ВРЗ ПРИМЕРИ ОД НАУЧНАТА ФАНТАСТИКА)

**Апстракт:** Трудот е базиран врз дилемата дали развојот на новите технологии може да го подобри животот на човештвото (застапувани од постхуманистите) или ќе придонесе за злоупотреби, кои ќе доведат до несакани последици за целата човечка раса (како што стравуваат противниците на технолошкиот развој). Поаѓајќи од еволуцијата на човештвото, која се одвива во согласност со новите достигнувања на технологијата, во трудот ќе се промовира идејата за нужноста од паралелен општествен и технолошки развој, кој би подразбирал нова етичка рамка со нови етички вредности, кои би придонеле за подобрување на општеството. Доколку развојот на овие две гранки од науката не се одвива паралелно, можни се различни злоупотреби. Токму затоа се чини дека се оправдани предупредувањата за надмоќноста на технологијата, изнесени во научнофантастичната литература, и стравувањата дека нејзиниот развој би можел да доведе до крај на човечката цивилизација.

**Клучни зборови:** постхуманизам, технофобија, научна фантастика, морални вредности, етички норми, одбранбени технологии.

## Вовед

Изминати се многу децении од востановувањето на терминот транс-хуманизам во истоимениот есеј (1957 год.) на англискиот биолог и филозоф Џулијан Хаксли и појавата на култниот научнофантастичен роман на неговиот брат Олдос Хаксли „Прекрасниот нов свет” (1931 год.), во кои остро се критикуваат процесите на дехуманизација, недостатокот од етичко однесување, губењето на индивидуалноста преку масовното производство, психолошка манипулација и сите видови контролирано мислење и живеење (Haksli. 2014). И денес, по повеќе од половина век, многу мислители, размислувајќи за идејата за еволуцијата на човештвото во насока на редефинирање на неговата природа, предупредуваат за последиците од тој процес. Еден од нив е Френсис Фукујама, кој, во книгата *Нашата постхумана иднина: последиците од биотехнолошката револуција* (2002), зборувајќи за *Прекрасниот нов свет* на Хаксли, кој ги антиципирал промените што настанале кај луѓето во „новиот свет” (што денес го живееме), ќе заклучи:

1 * jasminamg@gmail.com

821.09-311.9
791.221.8:82-311.9
оригинални научни рад
https://doi.org/10.18485/iku_uposthtransh.2024.ch3

> Луѓето во 'Прекрасниот Нов свет' можеби се здрави и среќни, меѓутоа престанале да бидат човечки суштества. Тие повеќе не се борат, не тежнеат кон ништо, не сакаат, не чувствуваат болка, ниту мораат да донесуваат тешки морални решенија, тие повеќе немаат семејство, ниту прават нешто од оние нешта што се поврзани традиционално за човечноста. Тие луѓе ги немаат особините, кои, во нас, го создаваат чувството за достоинство. Навистина повеќе не може да се зборува за човечката раса бидејќи луѓето се израснати од контролори, делејќи ги на посебни класи: алфа, бета, ипсилон и гама, кои се оддалечени едни од други, како што човекот е оддалечен од животните. Нивниот свет станал неприроден во најдлабоката можна смисла на зборот бидејќи е променета нивната човечка природа... (Fukuyama, 2002: 6).

Според Фукујама, интегрирањето на технологијата во природата на луѓето е опасна идеја, која може да доведе до уништување на целата човечка раса. Тој не е осамен во своите предупредувања дека во процесот на поедноставувањето на животот на луѓето и вештачкото подобрување на нивните перформанси, лесно можат да се загубат човечките особини, права и човечкото достоинство. Покрај Фукујама и многу други футуристи и компјутерски научници, како Ханс Петер Моравец, стравуваат дека, гледано од еволутивна перспектива, човечките тела и човечката интелигенција повеќе нема да бидат конкурентни во споредба со машините (Moravec, 1988: 5). Моравец, своите сомнежи за опстанокот на човечката цивилизација, ги презентираше во одамна објавените книги *Ум деца: иднината на роботите и човечката инелигенција* (1988) и *Робот: од обична машина до трансцедентен ум* (1999). Паоѓајќи од идејата дека ако секој неврон во свесниот мозок може да се замени со електронска замена со идентични перформанси и однесување како невронот што го заменува, тогаш тој претпоставува дека биолошката свест би можела да се префрли беспрекорно во електронски компјутер. Преку овие согледби тој ќе покаже дека свеста не зависи од биологијата и ќе заклучи дека технологијата е следната еволутивна фаза од развојот на човештвото.

Наспроти стравувањата на овие научници, постојат и истражувачи, кои позитивно гледаат на „постхуманистичкиот пресврт”, меѓу кои е американскиот компјутерски научник Реј Курцвил. Своите ставови, често критикувани, за „експоненцијалниот раст на еволуцијата” (базирани на неговата верба во позитивните повратни информации во кои резултатите од една фаза се користат за креирање на следната фаза и убедувањето дека повеќето од ресурсите се распоредени за победничкиот процес) ги изнесува во повеќето книги, од кои ја изделуваме *Сингуларноста е близу: кога луѓето ја надминуваат биологијата* (2005). Во

неа тој заклучува дека човечката еволуција се движи кон стадиумот на „сингуларноста”, по кој ќе дојде до спојување на човечката технологија и човечката интелигенција и дека преминот од биолошките корени кон технологијата, всушност, е духовен потфат. Сите смели размислувања за иднината ги изнесува во документарниот филм *Трансцедентен човек* (2009), во кој повеќе научници дебатираат поддржувајќи ги или побивајќи ги неговите предвидувања.

Италијанката Франческа Ферандо, во својата докторска дисертација *Филозофски постхуманизам* (2019), се труди да објасни што претставува всушност постхуманизмот и кои се предвидувањата за неговиот развој. Како претставник на филозофската фела, таа гледа на него од аспект на теоријата на создавање, застапувајќи ги ставовите дека постхуманизмот е само продолжение на хуманизмот, кој е во согласност со новите технологии и екологијата. Неговатото потекло, според неа:

> може да се следи уште од ’Писмото за хуманизмот‘ (1947) на Мартин Хајдехер, преку постмодернизмот, студиите за различното (вклучувајќи ги меѓу другите родовите студии, критичките студии на расата, квир-теоријата, постколонијалните студии, студиите за попреченоста) и киборг-теоријата (Ferrando, 2019: 2).

Конструирањето и употребата на нови технолошки алатки отсекогаш ги возбудувало луѓето, а стравот од нив бил присутен неизоставно заедно со првичното воодушевување. Да ги споменеме само суеверните верувања од примитивните општества „дека само некои повисоки сили можат да управуваат со огнот и со растопениот метал” (Todorović, 2017: 25) или прогонувањето на алхемичарите во средниот век поради загриженоста дека ќе откријат некои моќни, опасни тајни соединенија. Во истата категорија спаѓаат револтот и загриженоста на фабричките работници дека ќе ги загубат своите работни места кога се конструирани различните типови машини и кога е започнат процесот на индустријализација и роботизација. Грижите дека човекот ќе биде поразен во битката со машините, кои се посовршени од него, или дека ќе се уништи самиот себеси заедно со планетата Земја, уште повеќе ќе се зголемат во информатичкото време поради низа пронајдоци, кои ги овозможуваат процесите на: вмреженост, мониторирање, биоинженеринг. Надмоќноста на вештачката интелигенција, која би завладеала со човештвото и нејзината доминација во општеството, ги подгрева најголемите стравови на човекот. Сумирајќи ги изнесените примери можеме да констатираме дека технофобијата никогаш не стивнува и никогаш нема да замре, туку напротив, некогаш дури добива и оправдан поттик поради пронајдоци-

те, како што се: катапултот, барутот, атомската бомба, клонирањето и многу други, кои несомнено ѝ нанеле повеќе штета отколку корист на човечката цивилизација.

Поврзаноста на научната фантастика со постхуманизмот

За евентуалниот пад и промените во човечката цивилизација не предупредуваат многу научнофантастични книги и филмови со постхуманистичка содржина. Всушност, жанрот научна фантастика[2] и постхуманизмот се поврзани најблиску, преку бројни заеднички елементи, кои се согледуваат во: присуството на науката и на техника во нивниот светоглед, во одвивањето на дејствата во иднината, во освојување на некоја нова непозната средина, во желбите и надежта за позитивен резултат, во борбата на јунакот со непријателите во кои се спасува човештвото или се менува неговата судбина. Нивната поврзаност се согледува и во заедничките теми, како што се темите на: роботот, генетскиот инженеринг, компјутеризацијата, инвазијата на вселенски битија, меѓупланетарни патувања и освојувања на нови хронотопи, кои секогаш се проследени со изненадувања.

Основното својство на научната фантастика е спознанието на новото, на чудесното, кое не е израз само на едноставните желби на човекот, кој стои зачуден пред непознатиот свет, туку тоа е чудото, кое, со помош на научните откритија, може да биде толкувано, но не и целосно сфатено. Неговото целосно прифаќање зависи од неоткриената тајна, од оностраното, од кое извираат силите, кои можат да го загрозат животот. Тие сили значат дезинтеграција на поредокот на научната сигурност и неминовно ги засегаат прашањата за моралот. За самиот жанр научна фантастика е карактеристично својството на чудесното, кое претставува додаток на нашиот секојдневен свет, без при тоа да го разруши. Роже Кајоа смета дека жанрот на научната фантастика во книжевноста на 21 век исполнува слична функција, којашто, некогаш, ја имала бајката (Кајоа, 1978:69). Размислувајќи во таа насока можеме да заклучиме дека како што фантастичната книжевност во 19 век ја потиснала бајката, така и научната фантастика во овој век е пораспространета од фантастичната книжевност. За подемот на научната фантастика во 21 век зна-

2 За научната фантастика нема една дефиниција. Била дефинирана многупати, од многу автори и од различни перспективи. Таа опфаќа повеќе теми, кои можат, но не мораат да вклучуваат: вонземјани, роботи, вештачка интелигенција, мутанти, непознати сили и патување низ времето. Самата научна фантастика се разгранува на различни поджанрови, како на пример: сајберпанк, дизелпанк, вселенска опера, научнофантастични вестерни и др.

чајна улога има развојот на науката и новите технолошки достигнувања, кои го отвораат патот кон тематските содржини поврзани со животот во постхуманистичкото општество, развојот на самото тоа општество и неговите релации со новите светови и битија.

Проблеми при интеграција на човекот со машините (презентирани преку творештвото на Исак Асимов)

Едни од најпопуларни остварувања во жанрот на научната фантастика се расказите за роботите на Исак Асимов, кој е и авторот што прецизно ја опишал научно-технолошката револуција, која денес ја живееме, и се обидел да укаже на бројните проблеми во процесот на интеграцијата меѓу луѓето и роботите давајќи можни решенија за нивно надминување. Неговата збирка раскази *Јас – робот* претставува основа врз која е градено сценариото на истоимениот филм на Џеф Винатар (Jaff Vinatar) и Акива Голдсман (Akiva Goldsman) од 2004 г. (во режија на Алек Прајак), кој исто така ќе биде во фокусот на мојот интерес денес затоа што тука на едно место се среќаваат многу од техничките загатки и етичките кодекси, поставувани за да се влее верба во непобедливоста на човекот.

Еден од првите проблеми што го предочува Асимов и поради кој, како што наведува во едно интервју, се решил да пишува за роботите во жанрот научна фантастика, е да го разбие стравувањето дека роботите можат да му нанесат штета на човекот. Овој вроден страв од непознатото, односно од напредните роботи, кои поседуваат свест и се свртуваат против своите креатори, потекнува од драмата *Р.У.Р.* (1920) на Карел Чапек и подоцна се среќава во многу други книги и филмови со роботи од различни автори. Во некои од нив, како кај Карел Чапек, се предупредува на отуѓувањето на човекот, додека во други, повеќе се третираат филозофски прашања, како кај Франтишек Новотни, каде што се разгледува феноменот на вербата или кај Егон Бонди, кој го свртува вниманието кон самоспознанието и кон смислата на постоењето (Koda-Petrović, 2007: 126).

Протестирајќи против она што Асимов го нарекува комплекс на Франкенштајн – тенденцијата во популарната култура роботите да се прикажуваат како заканувачки машини – тој ги создал добропознатите три закони за роботите, кои божем ќе спречат да им се нанесува штета на луѓето. Тие, за прв пат, ќе се појават во 1940 година во расказот ,,Затворен круг" и ќе станат основа во која ќе биде потцртана надмоќноста на човекот над машините преку следниве постулати:

> 1. Роботот не смее да повреди човечко суштество или со својата неактивност да дозволи човечкото суштество да биде повредено.
> 2. Роботот мора да им се покорува на наредбите добиени од човечки суштества, освен ако тие наредби не се во спротивност со првиот закон на роботиката.
> 3. Роботот мора да го штити своето сопствено постоење сè додека таквата заштита не е во спротивност со првиот или со вториот закон на роботиката (Asimov, 1983:199).

Очигледно овие закони, поставувајќи ги во нерамноправна положба роботите и луѓето, не се во согласност со моралното однесување, што од своја страна – теориски, може да доведе до побуна на роботите. На таа потенцијална револуција би и претходело освестувањето на роботите, потпомогнато од желбата на нивните креатори за подобрување на роботските перформанси со внесување на: емоционалност, креативност, слободна волја, па дури и свесност. Секако, причина за револуцијата може да биде и случајната компјутерска грешка настаната поради невнимателноста на операторите. Од овде следува дека луѓето се тие што ја креираат револуцијата, поточно од нивната желба за доминација и за надградба на сопствените можности или од нивната невнимателност потекнува револуцијата и дека единствено тие, со нивните силна волја и посветеност, можат да ги спречат револуционерните случувања.

Еден од првите проблеми, кои би се појавиле при вакдите ситуации, според Асимов, е како да се пронајде изгубениот робот или роботот што по грешка или своеволно се крие од луѓето во редици од роботи што изгледаат исто. Оваа загатка ја среќаваме во расказот на Асимов, „Малиот изгубен робот”, но и во сцената од филмот на Винатар кога роботот Сони, врз којшто се вршени експерименти за имитација на слободна волја, бега од луѓето. И во двата случаи креаторите се обидуваат да го решат проблемот со измама на роботот, односно со неетичко однесување. Во расказот на Асимов измамата се постигнува со симулација дека специјализираниот психолог за роботи, д-р Сузан Келвин, е во опасност, при што таа симулира постоење на смртоносно зрачење меѓу неа и роботите, така што сите роботи сфаќаат дека нема да можат да ја спасат дури и ако се обидат, освен побегнатиот робот Нестор, кој, поради технолошките подобрувања, единствен може да детектира безопасни зраци и затоа единствено тој се појавува пред неа (Asimov,1983: 352). Во филмот се користи слична симулација на измама, базирана на трите закони на роботиката, кои ги почитуваат сите роботи, освен напредниот робот Сони, кој единствен сфаќа дека ќе биде уништен и затоа при директно

насилство упатено од човек кон робот, излегува од редот, обидувајќи се да побегне (Vintar, Goldsman, 2004).

Разгледана е и опцијата: што би се случило ако роботот пресмета дека треба да уништи група луѓе за да го спаси човештвото, изнесена во расказот на Асимов, „Конфликт што може да се избегне". Во расказот суперкомпјутерите согледуваат дека опстанокот на човештвото е доведен во опасност од група луѓе поврзани со антимашината „Општество за човештвото", чијашто цел е да ја поткопаат работата на машините и да завладеат со нив. Наместо директно да се справат со противниците, машините водени од сопствената неопходност за постојан мир и просперитет на човештвото, намерно прават грешки нанесувајќи мали штети на неколку избрани поединци. При тоа, мудро ја чуваат својата тајна за да ги избегнат гневот и отпорот на опонентите. Како што објаснува ликот на психологот за роботи – д-р Сузан Калвин, роботите, всушност, генерализирајќи ја етичката норма на првиот закон за роботи или проширувајќи го законот, симулираат намерни грешки со што го избегнуваат директниот конфликт со ривалите. Основниот закон на роботиката, чијшто концепт, ликот на Сузан Калвин го развила во овој расказ, а роботскиот лик Р. Данел Оливеј (R. Daneel Olivaw) од расказот „Роботи и империја" (1985) го именувал како нулти закон на роботиката, гласи: „Роботот не смее да му нанесе зло на човештвото или со својата неактивност, да дозволи тоа да биде нанесено" (Asimov, 1983:444).

Слично однесување среќаваме и во филмот кога позитроничниот мозок ВИКИ сфаќа дека луѓето сами се уништуваат со своите неразумни и неморални однесувања (војни, загадување, уништување на природни ресурси). Затоа, во согласност со роботската или со постхуманистичката етика на бескомпромисно следење на правилата, ВИКИ иницира акција за заштита на човештвото преку жртвување на одредени луѓе и преку ограничување на нивните слободи. Според компјутерската логика и етика, роботите, кои се конструирани за заштита на човештвото, мораат да го спасат човештвото од самите луѓе, односно до крај да ја остварат својата бездушна цел – „креациите да ги заштитат креаторите иако не го сакаат тоа тие" (Vintar, Goldsman, 2004).

Овде повторно се поставува прашањето за поседувањето на моралот и за етичката природа на ваквото постапување. Дали е во согласност со етичкото постапување да се презема каква било активност ако таа не е во рамките на волјата на тие што треба да се спасат? Или, поконкретно кажано, дали може да се очекува и да се бара од роботите да го спасот човечкиот род, кој и не е така разумен и дејствува против самиот себеси?

## Етиката во постхуманистичкото општество

Одредбата по којашто го дефинираме моралот може да се даде во форма на објаснување, кое го поврзува со етиката и се однесува на „практиката на човековото однесување спрема светот, спрема другите луѓе и спрема себеси", која неизоставно „се манифестира во вредносно (позитивно или негативно) проценување на постапките" (Донев, 2020: 17). Од своја страна, етиката претставува „филозофска рефлексија за смислата на моралноста на човековото дејствување" (Донев, 2020: 16), односно таа е теориска наука за којашто доброто е крајна цел и која ги проучува обичаите и навиките на дејствување, раководени според наравот на поединецот. Размислувајќи за нивната поврзаност можеме да констатираме дека моралот и етиката не се наоѓаат во меѓусебно надредена позиција, туку се надополнуваат со својата специфичност. Значаен момент во однос на специфичноста на моралот е моралниот суд и неговото менување во текот на различните историски периоди и кај различните народи, додека етичкото однесување подразбира тежнение кон разумното втемелување на концепцијата на доброто човечко постапување во кое, секако, голема улога имаат обичаите и човечката нарав.

И повторно доаѓаме до низа прашања од типот: Каква е таа човечка нарав, која сака по секоја цена да доминира и да ги гледа другите како непријатели? По што и дали се разликува од компјутерската нарав? Дали во човечката природа е содржано и доброто и злото заедно или постојат поединци, кои се добри и други, кои се само лоши или сите луѓе се само производ на културолошко-религискиот систем, кој е повторно човечка творба? Одговорите на овие бројни прашања зависат од аспектите од кои им се приоѓа на нештата.

Според социолошкиот пристап, моралот, како конкретно поведение или доброто и злото, како манифестации на единката во однесувањата со другите, се релативни и зависни од историското време. Но, од друга страна, не постои историско време, не постои цивилизациски циклус, во кој поимите на доброто и злото не постојат како категоријални вредносни одредници на живеењето на човекот со сличните на него.

Психолозите најчесто ја нагласуваат вродената агресивност на поединците поврзувајќи ја со безобѕирната борба на новороденчињата за преживување, но и со наследниот грев. Ваквите претпоставки ги доведуваат до заблуда бидејќи, како што објаснува филозофот Дејан Ничевски, „афирмациите на волјата не треба да се поистоветуваат со радикалното зло" (Ничевски, 2017:216), ниту пак е вообичаено гревовите на предците да им се префрлаат на потомците.

Претставниците на екологијата на околината веруваат дека моралот зависи од условите во кои егзистираат луѓето и од пристапноста до неопходните ресурси за опстанок. Според нивните размислувања, секоја жива индивидуа има подеднакво право на основните ресурси од планетата Земја, како што се: водата, воздухот и храната. Ограничувањето на пристапноста до нив не е само морална дилема, туку е сериозен грев, кој не се простува. Согледувањата дека Земјата не ја создале луѓето, па да биде нивна легитимна сопственост, ги наведува до заклучокот дека луѓето што поскоро треба да ги сменат однесувањата кон другите живи битија.

Она на што посебно сакаме да го свртиме вниманието сега е прашањето какво би требало да биде однесувањето на човекот кон другите во постхуманистичкото општество? Дали во постхуманистичкото општество човекот мора да се потруди да ги сфати и да ги прифати роботите како слични на себе и да постапува етички со нив, особено ако нивниот број сè повеќе расте, или да ги гледа како непријатели од кои треба да се брани?

Во објаснувањето ќе тргнеме од функционалната дефиниција на доброто и на злото, која најчесто ја користат социолозите, а накратко може да се сублимира во сентенцата дека моралот или доброто и злото се облик на општествената свест на човекот. Доброто и злото почнуваат таму, каде што човекот ја препушта својата индивидуалност на барањата што ги изнудува живеењето во заедница, од: политички, економски, семеен и религиски вид, со сличните на него.

Но, оваа социолошка дефиниција не ја зема предвид суштинската карактеристика на доброто и условот за појавата на злото, поточно не ја допушта можноста индивидуата да дејствува слободно, според сопственото морално или неморално убедување. Моралните судови за доброто или за лошото поведение ги носиме секогаш за суштество, кое е толку развиено што во дадени ситуации разбира и знае што треба да се прави и е во состојба самостојно, слободно, да избере една од отворените можности на доброто и на злото. Се прашуваме, дали, во постхуманистичкото општество, луѓето ќе имаат шанса да ја развијат свесноста на повисоко и на поблагородно ниво, имплементирајќи ја, во своето однесување, праведноста, добрината, одговорноста, бидејќи ќе немаат никаква шанса за надмоќ во споредба со вештачката интелигенција?

Како што истакнавме, самото добро и самото зло не е возможно, без слободата на индивидуата, да избира, па така доброто и злото се облици на слободата на човековото постоење. Но, слободата без свесноста

и одговорноста за постапките неминовно води до пропаст. Општество посветено на постојаното превртување на нормите и на правилата, од името на проширување на индивидуалната слобода на избор (какво што е постмодерното општество) ќе се најде себеси сè повеќе раздробено, неорганизирано, изолирано и неспособно да ги извршува заедничките цели и задачи. Како што наведува Фукујама во книгата *Големото нарушување*, таквото општество...

„... ќе се соочи со последиците, кои се: пораст на криминалот, скршени семејства, неисполнување на обврските на родителите кон децата и обратно, одбивање на соседите да преземат одговорност едни кон други и отфрлање на граѓаните од јавниот живот" (Fukujama, 1999).

Од тука произлегуваат низа дилеми поврзани со прашањата: Дали во постхуманистичкото општество ваквото „големо нарушување" би можело да се промени на подобро? Дали вештачката интелигенција, со својата супериорност, би можела да се наметне и да ги коригира човечките слабости и грешки секогаш кога ќе ги забележи преземајќи ја контролата заедно со одговорноста врз себе? и: Дали префрлувањето на одговорноста би било решение на проблемите или само нивно продлабочување?

Одговорот на овие прашања би се движел во насока на размислувањето дека истото ќе се случува ако се акумулира одговорноста само кај едно битие или кај една класна структура. Ваквата акумулација повторно води до низа аномалии и нарушувања: преоптовареност на оние што ја имаат социјалната контрола, незадоволство поради пасивноста на другите, збунетост, немоќност, развивање на амбивалентни чувства кон другите (туѓинците), именувани од Зигмунд Бауман, во неговата книга *Постмодерна етика*, како „протофобија" или како страв од другите „побуден од присуството на повеќеобразните алотропски феномени" (Бауман, 2005: 282). Доколку моралната одговорност остане само кај оние што управуваат со социјалниот простор (без разлика дали кај луѓето или кај вештачката интелигенција), тие можат да останат и глуви и слепи за гласот на разумот и за етичките принципи.

Во ситуација само едната страна да биде одговорна, можно е да се случи моралната близина да се преклопи со когнитивната, односно моралната грижа да го достигне својот најголем интензитет онаму каде што познавањето на другиот е најинтимно и да се истенчува со стеснувањето на знаењето и со постепеното преобразување на интимноста во отуѓеност. Бидејќи обете простирања се раководени од различни и заемно автономни чинители, призракот на судирот на интереси и на заемното уништување, постојано ја надлетува нивната неспокојна коегзистенција.

Ова навистина може да се случи, но и не мора. Ваквата состојба може и да се промени со поголеми заложби на заедницата: за рамноправност, за споделување, за меѓусебна толеранција. Начинот на кој би се овозможило тоа се состои од спроведување на задолжителна едукација, со промислени дејствувања, со агитации за одговорно однесување. Најдобрата одбрана од надмоќната вештачка интелигенција, според трнсхуманистот Куцвил, е да се зголемат „вредностите на слободата, толеранцијата и почитувањето на знаењето и различноста" во општеството бидејќи „небиолошката интелигенција ќе биде вградена во нашето општество и ќе ги одразува нашите вредности" (Kurzweil, 2005: 306). Односно, човештвото би морало нужно да го коригира и да го подобри сопственото однесување во една посовремена насока, која би придонела за поперспективно расудување. Веќе не е доволно човекот да се однесува во согласност со ставовите на етиката на одговорноста, која, во сублимирана форма, според германскиот филозоф и теолог Ханс Јонес, гласат: „Дејствувај, така што резултатите на твоето дејствување да бидат подносливи за постојаноста на реалниот човечки свет на Земјата" (Jonas, 1990: 28), туку е потребно свртување кон современата етика, која има „тенденција да го замени традиционалниот поим на доблеста и Кантовиот поим на должноста со пимот на моралните вредности" (Донев, 2018: 86), преку кои се изразува „свеста за животот, односите меѓу луѓето и нивните постапки" (Донев, 2018: 87). Овие општи одредби на моралните вредности, свое отелотвоување добиваат преку моралните норми, кои, во постхуманистичкото општество, би требало да се применуваат како: забрани за опасни технологии, дозволи за тестирање, стандарди за развој, регулативи за употреба, етички упатства за нанотехнологиите и други форми на заштита. Самиот Круцвил признава дека секоја технологија со себе носи ризик од „злоупотреба од биолошки вируси и софтверски вируси" (Kurzweil 2005: 306), кои не се контролирани. Затоа, тој предлага „инвестиција во одбранбени технологии", кои би ги контролирале и би го „рационализирале регулаторниот процес за генетските и медицинските технологии" (Kurzweil 2005: 306), би ги следеле опасните патогени и би спроведувале мораториум за одредени технологии. Но, најважно од сѐ е „забраната за самореплицирање на физички ентитети, кои ги содржат нивните сопствени кодови за саморепликација" (Kurzweil, 2005: 299).

Се чини дека стравот од злоупотребата на техниката и ризикот од нејзиниот развој, на што нѐ предупредуваат бројни научно-фантастични уметнички дела, вклучително и расказите за роботите на Исак Асимов, е оправдан. Но, тој може и да се надмине доколку се совлада незрелоста

на човештвото, склоно кон status quo состојби и непреземање конкретни решенија за новонастанатите проблеми. Од изнесеното следи дека заштита од роботите и вештачката интелигенција е можна и нужна, но таа зависи од човекот и од неговата подготвеност да спроведе нови етички норми.

## Заклучок

За жал, во овие изминати децении и не е направено многу во однос на предупредувањата за моќта на технологијата што се развива и за стравот од нејзината имплементација во човечкото општество, освен што се зголеми раслојувањето на општеството на поддржувачи на технологијата на постхуманизмот и негови противници. Противниците, стоејќи вџашени пред иновациите, покажуваат тотално неразбирање и страв од новото време, во кое моќните машини би можеле да го надвладеат човекот. Овие претпоставки, најчесто пласирани од научната фантастика, би можеле да се остварат ако не се случат културни и општествени промени, кои би го следеле и би го регулирале технолошкиот развој. Прифаќањето на некоја нова етичка рамка е еден од начините за справување со дадената ситуација. Таа во себе би требало да инкорпорира низа протоколи, правила, норми и други форми на заштита од злоупотреба.

За разлика од противниците на технологијата, поддржувачите на постхуманизмот гледаат на него како на филозофска рамка на 21 век, која го доведува до прашање концептот на хуманизмот, кој го сметаат за застарена концепција, адекватна за времето на ренесансата, пред сѐ, поради неговите својства: антропоцентричност, деструктивност и експлоатација на другите живи битија и природни ресурси. Тие се свесни за придобивките од прифаќањето на постхуманизмот, кој го живееме денес. Според нивните убедувања, експанзијата на биотехнологијата, роботиката, генетските проучувања и другите технолошки иновации можат да ни помогнат да станеме подобри битија, да ги надминеме нашите човечки ограничувања, да се поврземе поцврсто едни со други и со светот околу нас. За нив смалувањето на јазот меѓу човечкото и нечовечкото е само следниот чекор во еволуцискиот процес.

## Литература


Asimov, Isaac. *The Complete Robot.* Harper Voyager. 1983. https://www.amazon.co.uk/Complete-Robot-Isaac-Asimov/dp/0586057242. 21. 4. 2022.

Asimov, Isaac. Little Lost Robot. In *I Robot*. London: BBC. „Little Lost Robot: Isaac Asimov's I, Robot Episode 3 of 5". BBC Online. BBC. 20. 4. 2022.

Бауман, Зигмунд. *Постмодерна етика*. Скопје: Темплум, 2005.

Донев, Дејан. *Прирачник за етика*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2019.

Донев, Дејан. *Вовед во етика*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2018.

Ferrando, Francesca. *Philosophical Posthumanizam. Theory in the new humanities*. London: Bloomsbury Academic, 2019.

Fukuyama, Francis. „The Great Disruption". *The Atlantic Monthly*, May 1999. Volume 283, No. 5; pages 55–80. http://www.wesjones.com/fukuyama.htm. 16. 5. 2022.

Fukuyama, Francis. *Our Posthuman Future: Consequences of the Biotechnology Revolution.* New York: Farrar Straus and Girouh, 2002.

Haksli, Oldos. *Vrli novi svet*. Beograd: Plato, 2014.

Jonas, Hans. *Princip odgovornost*. Veselin Masleša: Sarajevo, 1990.

Kajoa, Rože. 1978. „Od bajke do naučne fantastike". *Narodna bajka u modernoj književnosti* (priredila Mirjana Drndarski). Nolit: Beograd.

Korda-Petrović, Aleksandra. „Tri češka robota (K. Čapek – F. Novotni – E. Bondi)". *Словенска научна фантастика* (приредили: Д. Ајдачић и Б. Јовић). Београд: Институт за књижевност и уметност, 2007. 121–130.

Kurzweil, Ray. *The Singularity Is Near: When Humans Transcend Biology*. Penguin Books, 2005.

Kurzweil, Ray. *Transcendent Man.* 2009. https://www.imdb.com/title/tt1117394/. 16. 9. 2022.

Moravec, Hans Peter. *Mind Children: The Future of Robot and Human Intelligence*. Harvard University Press, 1988.

Moravec, Hans Peter. *Robot: Mere Machine to Transcendent Mind*. Oxford University Press, 1999.

Ничевски, Дејан. *Етички истражувања*. Скопје: Слово, 2017.

Todorović, Aleksandar Luj. *Diskurs novih tehnologija*. Beograd: Clio, 2017.

Vintar, Jeff и Goldsman Akiva. *I Robot*. Alex Proyas (режисер). 2004. https://www.bilibili.tv/en/video/2049747979. 25.04.2022.

Jasmina Mojsieva-Guševa

# POSTHUMANIST ETHICS
# (ANALYSIS BASED ON EXAMPLES FROM SCIENCE FICTION)


## Summary

This research analyses examples from science fiction (the collection of short stories *I, Robot* by Isaac Asimov and the film of the same name, written by Jeff Vintar and Akiva Goldsman) leads to the realization that assumptions about the harmfulness of new technology are unfounded. Fear of it can only be associated with the immaturity of human civilization itself, which does not take measures for its protection.

Finally, we confirm the i necessity of a new ethical framework or posthumanist ethics to avoid abuses from the development of new technology. This framework will achieve a balance between humans and the new technologically-advanced humans, thus, it will result in a change in understanding of the relationship between man and the new man recognizing their equality and mutual dependence.

As time passes, we become increasingly aware that the era of trans-humanism is yet to come, when market forces and dependence on technology will inevitably lead humanity to a new state of post-humanism from which there is no turning back. Humanity will be forced to deal with this new state of transition and convergence of man and machine. Parallel development of technical and social sciences is necessary for a painless and successfully performed transition. For this purpose, trans-humanist associations and entire ministries need to be founded to solve the problems brought by the development of technology and posthumanism as a new philosophical and social condition.


*Keywords:* posthumanism, technophobia, science fiction, moral values, ethical norms, defense technologies.